Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи**

Бр. 08-2026/1
Скопје 15-10-2025

# Полугодишен извештај за работа на Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи за јануари/јуни 2025 година

*ВОВЕД*

Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Во рамките на своите активности Советот за ИКТ предлага, создава, спроведува и обезбедува ИКТ решенија, што имаат за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на правосудниот систем, како и централизирање на информатичките системи воспоставени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на Јавни обвинители на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, сите судови и обвинителства, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Академијата за судии и јавни обвинители, а заради обезбедување на брз, автоматизиран и непречен пристап до податоци, како и нивна меѓусебна интероперабилна размена.

Основот за формирање на Советот за ИКТ произлегува од член 87-а став 1 од Законот за судови, каде е наведено дека Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (во натамошниот текст: Советот за ИКТ) се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Советот за ИКТ дава предлог за утврдување на приоритети на политиките и координација на правосудните органи во работењето на системот на информатичко-комуникациската технологија, а Министерството за правда дава административно-техничка поддршка на работењето на Советот за ИКТ, а исто така


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Министерот за правда со подзаконски акт го определува составот и начинот на работа на Советот за ИКТ.

Во рамките на своите надлежности на ден 27.11.2024 година Министерот за правда Игор Филков, донесе Правилник за составот и начинот на работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Исто така, врз основа на член 87-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) и Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.242/24), министерот за правда на ден 26.12.2024 година донесе Одлука за основање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, во состав и тоа:

- Бурим Сејдини, претседател на Управен суд на Република Северна Македонија;
- Иван Џолев, претседател на Основен кривичен суд Скопје;
- Милчо Велјаноски, судски советник во Врховен суд на Република Северна Македонија;
- Мирјана Башеска Јонеска, информатичар во Врховен суд на Република Северна Македонија;
- Наташа Однакозова Жабокова, информатичар во Апелационен суд Скопје;
- Никола Ристовски, информатичар во Основен Граѓански суд,;
- Владимир Милошески, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје;
- Анита Тополова Исајлоска, јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- Ирена Димовска, информатичар во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- Јулијана Георгиевска, државен советник во Судски совет на Република Северна Македонија
- Јелена Догазанска Колева, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија;
- Катерина Мишковска, информатичар во Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија;
- Јосиф Стоилов, информатичар во Судски Совет на Република Северна Македонија;

За секретар на Советот е назначена Теута Бериша, советник во Министерството за правда.

На ден 23.04.2025 година, Министерот за правда донесе Одлука за изменување на Одлуката за основање на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, со која се

врши измена во составот на членовите. По предлог на Врховниот суд, на местото на досегашниот претставник од овој суд е именуван судијата Шпенд Деваја.

Согласно член 8 од Правилник за составот и начинот на работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за бројот на одржани седница, донесени одлуки, реализирани активности и други податоци од својот делокруг на работа.

### *1.1. Број на одржани седници*

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на полугодишниот извештај одржа седум седници и тоа:

- Конститутивната седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на ден 27.01.2025 година,
- Втората седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 13.02.2025 година,
- Третата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 19.02.2025 година,
- Четвртата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 26.03.2025 година,
- Петата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 29.04.2025 година,
- Шеста седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 30.05.2025 година.
- Седмата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 26.06.2025 година.

### *А. Прва седница (Конститутивна седница) на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи, одржана на 27.01.2025 година*

На Конститутивната седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за Претседател на Советот за ИКТ беше избран членот Владимир Милошески, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, а за заменик претседател на Советот за ИКТ беше избран членот Мирјана Башеска Јонеска, информатичар во Врховен суд на Република Северна Македонија.

Претседателот укажа на потребата за понатамошно подобрување на процесите на дигитализација во правосудството, истакнувајќи дека соработка со обвинителствата и судовите е клучна.

**Приоритети на Советот:**

Претседателот истакна дека Советот ќе се фокусира на три приоритетни области (т.н. „столбови"):

1. Електронско внатрешно водење на податоците.
2. Комуникација меѓу државните органи – МВР, УФП, УФР, Царинска управа, УЈП итн.
3. Процеси поврзани со населението – подобрување на услугите за граѓаните.

На крајот на седницата, се потенцираше дека сите три сегменти мора да бидат запазени во работата на Советот, со очекување на нови идеи, проекти и резултати.

**Заклучок:**

Советот за ИКТ останува посветен на дигитализација на правосудството преку воспоставување на ефикасна комуникација меѓу институциите, модернизација на процесите и обезбедување брзи и сигурни услуги за граѓаните.

***Б. Втора седница на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 13.02.2025 година***

**1.Проектна апликација за изработка на софтвер и дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи**

*1.1. Цели на проектната апликација*

- Развој на софтверско решение за електронска комуникација помеѓу Управниот суд, вишиот Управен суд и јавните органи.
- Автоматизација на процесот на прием, обработка и доставување на тужби и поврзани документи.
- Воспоставување на целосно електронско досие за секој предмет.
- Подобрување на интероперабилноста со постојните системи.
- Намалување на административните трошоци и времето за достава.

*1.2. Идентификувани проблеми во постојната практика*

- Недостаток на ефикасна достава на покани и документи до јавните органи.
- Ограничена функционалност на системот (овозможува само електронска достава на пресуди до адвокати).
- Неактивни електронски сандачиња кај адвокатите поради неисправни или неажурирани дигитални сертификати.
- Зголемени финансиски трошоци поради хартиена пошта и курирска достава.

*1.3. Опис на предложеното решение*

**Основен концепт:**

- Скенирање на тужби и формирање електронски предмет.

- Електронско доставување на тужби, одговори и документи до јавните органи.
- Регистрација и идентификација на сите јавни органи во системот преку дигитални сертификати.
- Автоматско генерирање и интеграција на податоци со АКМИС (за заведување и распределба).
- Формирање на комплетно електронско досие достапно за Вишиот управен суд.

**Техничка архитектура:**

- Самостојно софтверско решение со делумна интеграција со АКМИС.
- Можност за интерактивна поврзаност и размена на податоци.

*1.4. Ставови на засегнатите страни*

**Совет за ИКТ:** поддршка за проектот, но препорака да се користи термин „поврзување со АКМИС“, наместо „надградба“.

**Врховен суд:** потреба од проектна анализа и техничка спецификација пред имплементација.

**Основен кривичен суд:** поддршка за ново решение; предлага вклучување на Работно тело за стандардизација и компанијата Едусофт.

**Апелационен суд:** проектот е во добра насока; потребна е анализа на вертикална и хоризонтална интероперабилност.

**ИТ експерти (ЕУ проект):** отвореност за поддршка и анализа, потреба од дополнителни информации.

**Врховен суд – ИКТ сектор:** потенцијал за користење на постојните модули (електронска достава и е-приемно).

**Заклучок:**

Проектната апликација претставува значаен чекор кон дигитализација на управното судство. Советот за ИКТ ја поддржува во принцип, особено во делот на вертикалната и хоризонталната поврзаност, но инсистира на изработка на техничка анализа и спецификација пред имплементација. За понатамошно разработување е задолжен членот на Советот Бурим Сејдини, кој ќе соработува со ИТ службите на судовите и Врховниот суд.

***В. Трета седница на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 19.02.2025 година***

**1.Разгледување и усвојување измени во Деловникот за начинот на работа на Советот за ИКТ**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

На седницата на Советот за ИКТ беше разгледан постојниот Деловник за начинот на работа на Советот, донесен од претходниот состав. Предлог-деловникот претходно беше доставен електронски од секретарот на Советот до сите членови.

Со предложените измени во Член 19 (отсуства на членови) и Член 10 (гласање на одлуки) од доставениот Предлог Деловник се постигнува:

- Усогласување на Деловникот со постојниот Правилник,
- Прецизирање на условите за известување на министерот за правда при отсуства,
- Јасна дефиниција на легитимитетот на одлуките на Советот.

**2. Информации за обезбедување и функционалност на електронски услуги за издавање уверенија од кривична и казнена евиденција**

Во рамки на седницата беше презентирана состојбата и најновите активности за дигитализација на услугите поврзани со издавање уверенија од кривична и казнена евиденција. Советот беше информиран дека е воспоставена координација меѓу судовите, Министерството за дигитална трансформација и економските оператори со цел обезбедување функционалност на електронската услуга потврда од Кривична евиденција.

Дополнително, се разгледува имплементацијата на услуги поврзани со деловната способност и забраната за вршење дејност. Во моментот е отпочната постапката за обезбедување модул кој ќе ги поддржува овие функции, но системот сè уште не е во фаза на целосно тестирање. Дел од сервисите се веќе технички развиени и тестирани за институционална употреба, но потребно е нивно дополнително прилагодување за објава на националниот портал uslugi.gov.mk. Тоа подразбира изработка на детални описи на услугите и усогласување на начинот на пристап – различен за институции и за граѓани.

Во однос на информирањето на граѓаните, се разгледува имплементација на промотивни активности, вклучително поставување билборди со QR-кодови преку кои ќе може директно да се пристапи кон националниот портал за е-услуги. Оваа мерка има за цел да ја зголеми видливоста на услугите и да ја олесни пристапноста за пошироката јавност.

**Заклучок:**

*Системот за издавање уверенија од кривична и казнена евиденција е во завршна фаза на техничка подготовка, со предвидена целосна функционалност во најскоро време.
*Сервисите за деловна способност и забрана за вршење дејност бараат дополнителна доработка и усогласување за јавна достапност.
*Клучен елемент за целосна имплементација е обезбедувањето на јасни технички спецификации, интероперабилност со постојните системи и дефинирање на начинот на пристап за различни категории на корисници.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

*Промотивните активности преку QR-кодови и билборди ќе придонесат за зголемена транспарентност и користење на дигиталните услуги од страна на граѓаните.

**3. Состојба со електронското прибавување на податоци - суд, обвинителство, МВР**

Во рамки на расправата беше разгледана тековната состојба со електронската размена на податоци меѓу судовите, обвинителствата и Министерството за внатрешни работи. Нагласена беше потребата за побрза и поефикасна размена на информации, особено за изводи од казнена и кривична евиденција, бидејќи во практиката постојат значителни доцнења при нивното обезбедување, кои понекогаш траат со месеци.

Во таа насока, веќе е воспоставен меморандум за соработка меѓу Врховниот суд и МВР, кој детално ги дефинира сервисите што треба да бидат достапни:

- Казнена евиденција за физичко лице,
- Казнена евиденција за правно лице
- Кривична евиденција за физичко лице,
- Кривична евиденција за правно лице,
- Забрана за вршење дејност за правно лице,
- Забрана за вршење должност/професија за физичко лице,
- Одземена деловната способност на физичко лице,

Овие сервиси во моментот се наоѓаат во фаза на тестирање, со цел да се обезбеди нивна стабилност и интеграција на платформата за интероперабилност.

Од технички аспект, беше нагласено дека системот за пристап работи преку централизирано управување со привилегии. ИТ секторот на надлежната институција преку администраторски акаунт, овозможува дефинирање на овластени лица во рамки на секоја институција. Со оваа архитектура се обезбедува контролиран и безбеден пристап, а во следната фаза е предвидено во системот да се додаде и МВР како институција со пристап до наведените сервиси.

Како клучен проблем беше издвоено прашањето за форматот на податоците. Во сегашната конфигурација, резултатите од казнената и кривичната евиденција се добиваат во XML формат, што не е соодветно за употреба како доказен материјал во кривични постапки. Поради тоа, беше покренато прашањето за усогласување на форматите и можноста изводите за институциите да се доставуваат во ист формат како и за граѓаните, со цел нивна употребливост во судски постапки.

За надминување на овие технички и организациски предизвици беше одлучено да се формира работна подгрупа составена од претставници на Врховниот суд, Јавното обвинителство, Основниот кривичен суд и Апелациониот суд Скопје. Подгрупата ќе има задача да ги анализира сите технички предуслови, тековни ограничувања и потребни измени за да се финализира активноста.

Советот едногласно го усвои предлогот за формирање на оваа подгрупа, со очекување дека на следната седница ќе бидат презентирани конкретни технички заклучоци и насоки за понатамошно постапување.

**Заклучоци:**

*Постојат воспоставени правни рамки и техничка архитектура за електронска размена на податоци.

*Сервисите се во тест фаза и неопходно е забрзување на процесот за нивна примена во продукциска околина.

* Форматот на изводите претставува критичен технички проблем што треба да биде решен за нивна валидна употреба во кривични постапки.

*Работната подгрупа ќе има клучна улога во дефинирањето на техничките решенија и рокови за целосна имплементација.

## *Г. Четврта седница Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 26.03.2025 година*

### 1.Разгледување на досегашните активности за поврзување на системите на МВР, Јавното обвинителство и судовите

*1.1.Размена на дигитални сервиси со МВР*

Во периодот по претходната седница беа реализирани интензивни активности насочени кон развој и тестирање на дигитални сервиси за размена на податоци меѓу судовите и Министерството за внатрешни работи. Согласно веќе потпишаниот договор, изработени се следните сервиси:

- Казнена евиденција за физичко лице,
- Казнена евиденција за правно лице
- Кривична евиденција за физичко лице,
- Кривична евиденција за правно лице,
- Забрана за вршење дејност за правно лице,
- Забрана за вршење должност/професија за физичко лице,
- Одземена деловната способност на физичко лице,

МВР располага со сопствен развоен тим и систем, при што податоците се примаат и разменуваат во XML формат и се интегрираат во апликациите на министерството. Тестирањата на овие сервиси се завршени со позитивен исход, што овозможува нивно ставање во продукција во краток рок.

Иако сервисите од МВР кон судовите се поставени на платформата за интероперабилност, тие сè уште не се користат активно од судовите. За судските органи приоритетни се податоците за адреса и престојувалиште на физички лица,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

информации за возила и сопственици, како и државјанство. Овие информации се оценети како критични особено во завршни фази на судски постапки.

Во тестирањата на сервисите од Јавното обвинителство кон МВР е евидентиран проблем – поднесените барања не пристигнувале до системот на МВР. Поради тоа ќе се направи проверка со Министерството за дигитална трансформација за да се утврди дали е потребна дополнителна конфигурација на националната платформа за интероперабилност.

Од друга страна, сервисите кои ги нуди МВР кон судовите формално се достапни, но не се тестирани. Планирано е нивно вклучување во следната фаза. За надминување на овие предизвици предложено е организирање заеднички состанок со претставници од МВР и МДТ за да се обезбеди усогласеност на техничките спецификации и процесите на размена на податоци.

*1.2.Интероперабилност со јавните обвинителства*

За интеграцијата со јавните обвинителства е формирана работна група која изготви неколку предлог-сценарија за поврзување. Едно од сценаријата – клонирање на постојните сервиси – е оценето како најпрактично од аспект на користење, бидејќи би им овозможило на обвинителите со внесување на матичен број да генерираат уверенија за повеќе лица.

Ова сценарио, иако функционално, носи дополнителни финансиски импликации, бидејќи ќе бара изработка на уште четири нови сервиси. Се разгледува и прашањето дали адаптивните часови од постојниот договор за одржување со софтверските компании ќе бидат доволни за реализација, имајќи предвид дека паралелно е во подготовка и нова услуга за одземена деловна способност на националниот портал.

Предност на ова решение е тоа што добиените уверенија ќе бидат со дигитален потпис и QR-код, што ќе овозможи нивна употреба како докази во судските постапки. Дополнително, ќе се генерираат логови за секоја употреба на сервисот, што значително придонесува кон безбедноста и транспарентноста.

**Заклучок:**

*Сервисите меѓу МВР и судовите се технички изработени, тестирани и подготвени за продукција, но недостига јасна дефиниција за интеграција во судскиот систем.

*Дел од сервисите од МВР кон обвинителствата се соочуваат со технички пречки во преносот на барања, што бара дополнителна анализа и конфигурација.

*Користењето на веб сервисите кои ги даваат судовите, односно Казнена и Кривична евиденција за физички и правни лица од страна на обвинителствата е најсоодветно да се реши со клонирање на сервисите, иако тоа носи дополнителни трошоци.

*Во најскоро време се очекува услугата за вадење уверенија од Кривичната евиденција да биде објавена за граѓаните на Националниот портал за е-услуги (uslugi.gov.mk).

***Д. Петта седница на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 29.04.2025 година***

**1.Информација во врска со активностите за размена на дигитални сервиси МВР, ЈО и судови**

*1.1.Сервиси обезбедени од МВР кон судовите*

Во рамки на договорот за размена на дигитални сервиси меѓу судовите и Министерството за внатрешни работи, успешно се развиени, тестирани и ставени во целосна функционалност следните сервиси:

*Адреса или престојувалиште на физичко лице,

* Податоци за возила (актуелен и претходни сопственици),

* Список на возила што ги поседува определено физичко лице,

* Државјанство.

Овие сервиси се целосно оперативни и подготвени за практична примена во судовите.

За да се овозможи ефективна употреба, планирано е до сите судови да биде доставен официјален допис со барање за номинирање на администратор по институција. Овие администратори ќе имаат задача да креираат и управуваат со повеќе кориснички профили во рамки на својата институција, со што ќе се овозможи контролирана и безбедна употреба на сервисите во согласност со конкретните потреби на судовите.

*1.2.Сервиси обезбедени од судовите кон МВР*

Паралелно со наведените услуги, Министерството за внатрешни работи веќе активно ги користи сервисите што ги обезбедуваат судовите, и тоа:

- Казнена евиденција за физичко лице,
- Казнена евиденција за правно лице
- Кривична евиденција за физичко лице,
- Кривична евиденција за правно лице,
- Забрана за вршење дејност за правно лице,
- Забрана за вршење должност/професија за физичко лице,
- Одземена деловната способност на физичко лице,

**2.Разрешување на проблемот во однос на трансферот на податоци за сервисите за Казнена и Кривична евиденција од судовите кон Јавното обвинителство:**

*2.1.Состојба и тековни предизвици*

Јавното обвинителство изрази потреба од функционален пристап до сервисите за Казнена евиденција и Кривична евиденција, кои ги обезбедуваат судовите. На координациска средба со претставници од Министерството за дигитална

трансформација, компаниите Некстсенс и Едусофт, како и членови на Советот за ИКТ, беа разгледани три технички сценарија за имплементација.

Според проценката на обвинителствата, првото сценарио – клонирање на постојните веб-сервиси – претставува најсоодветно решение од функционален аспект, бидејќи овозможува посебни сервиси специјално наменети за потребите на Јавното обвинителство. Сепак, реализацијата на ова сценарио подразбира и дополнителни финансиски трошоци.

*2.2.Технички и финансиски аспекти*

* Клонирање на четири сервиси: Потребно е да се изработат засебни верзии на сервисите за Казнена и Кривична евиденција (за физички и за правни лица), со што би се обезбедил пристап за обвинителствата.
* Поставено беше прашање дали изработката може да се изврши во рамките на договорот за одржување со компанијата Едусофт. Во моментов, Врховниот суд нема побарано конкретна пресметка од Едусофт за потребните средства.
* Посебен модул во ЈО: Обвинителствата ќе треба да развијат сопствен модул за поднесување барања кон судовите. Направена е финансиска проценка за овој дел од страна на обвинителствата.

По добивањето на податоците од Врховниот суд, МДТ и Јавното обвинителство, Советот за ИКТ ќе изврши анализа на трошоците, можните сценарија и технички решенија.

* Ќе се дефинира финален модел за размена на податоци кој ќе биде и технички одржлив и финансиски изводлив.
*Ќе се обезбеди правна и техничка основа податоците добиени преку сервисите да бидат прифатени како докази во судски постапки.

3.**Во рамки на тековниот проект финансиран од Европската Унија**, чија цел е јакнење на дигиталната трансформација во правосудните институции и институциите задолжени за борба против корупцијата, објавени се два тендера со различен фокус. Проектот е дел од програмата ИПА 3 и предвидува значителни инвестиции во нови информациски системи, организациска трансформација и техничка инфраструктура.

**Прв тендер – Услуги**

Опфатени институции и системи: нов систем за Јавното обвинителство, нов систем за Државното правобранителство, подобрување на постојниот систем на Државната комисија за спречување на корупцијата и нов АКСТАТС систем за Министерството за правда

Хоризонтални компоненти во проектот:

1. Реорганизација и јакнење на ИТ одделенијата во сите четири институции.

2.Имплементација на мерки за зголемување на информациската безбедност, вклучувајќи сертификација по ISO 27001, особено за ЈО и ДКСК.

Втор тендер – Опрема

Вклучени институции: Јавно обвинителство, Државно правобранителство, ДКСК, Министерство за правда и Уставен суд.

Фокус на проектот е набавка на серверска и мрежна опрема, со цел да се обезбеди соодветна техничка инфраструктура.

**Очекувани придобивки**

- Модернизација на системите: интегрирани и функционални решенија за ЈО, ДП, ДКСК и Министерството за правда.
- Подобра организациска структура: ИТ одделенијата ќе бидат усогласени со европски стандарди.
- Зголемена безбедност: имплементација на ISO 27001 ќе обезбеди стандардизиран пристап кон управување со ризици и безбедност на податоците.
- Подобра инфраструктура: новата серверска и мрежна опрема ќе обезбеди стабилност и брзина во функционирањето на системите.
- Поддршка на интероперабилност: овие активности се вклопуваат во пошироката стратегија за дигитализација на правосудството и размена на податоци меѓу институциите.

Заклучок:

Проектот финансиран од ЕУ претставува стратешка можност за значително унапредување на дигиталните капацитети на правосудните институции во земјата. Со реализацијата на тендерите ќе се обезбеди не само техничка модернизација, туку и организациско усогласување со европските стандарди.

**4. Информација за координација помеѓу државни институции за обезбедување на средства за кофинансирање на ИПА 3 проектот од државата**

Согласно Акцискиот план за реализација на ИПА 3 проектите, државата има обврска да обезбеди 1 милион евра сопствени средства. Овие средства се наменети за набавка на стоки и услуги кои ќе ја надополнат финансиската поддршка од Делегацијата на ЕУ. Средствата за кофинансирање ќе бидат распределени помеѓу: Јавно обвинителство на РСМ, Државно правобранителство, Државна комисија за спречување на корупцијата и Министерство за правда. Процесот на координација за оваа иницијатива е започнат во февруари 2025 година и во следниот период ќе се достави Информација до Владата на Република Северна Македонија, со која ќе се побара од Министерството за финансии да обезбеди буџетски средства за реализација на оваа намена.

*4.1.Механизам за распределба:*

- Секоја институција ќе треба да достави сопствени проценки и приоритети, кои ќе бидат основа за распределба на средствата.

- Вкупниот износ ќе биде усогласен во рамките на државниот буџет преку ребаланс, кој ќе се достави до Министерството за финансии.
- Целта е обезбедување комплементарна поддршка на ИПА 3 компонентите, со рок за реализација до крајот на 2025 година.

*4.2.Специфични потреби на Јавното обвинителство*

4.2.1. Развој на веб-сервиси за интеграција на интерниот систем за движење на предметите Case Management System на ЈОРМ со LERMS системот.
4.2.2. Развој на апликација(веб сервис) за изводи од Казнена и Кривична евиденција, во координација со Врховниот суд.
4.2.3. Одржување и надградба на системот за меѓународна правна помош – LURIS.

**5. Разно**

*5.1. Проект за претворање говор во текст*

Членот на Советот, најави дека ќе одржи состанок со компанија која има искуство во развој на speech-to-text решенија, веќе успешно имплементирани во Собранието на РСМ. Проектот има потенцијална примена во судовите, со можност за препознавање на повеќе гласови и автоматска транскрипција на судски рочишта и записници. Добиените информации по одржаниот состанок членот на Советот ќе ги сподели на следната седница, со цел членовите да дадат сугестии и идеи за примена на вакво решение.

*5.2. Иницијатива за промоција на електронски уверенија*

Член предложи Советот за ИКТ да се обрати до Министерот за правда со иницијатива за организирање настан за промоција на функционалноста за електронско издавање на уверенија од Казнена и Кривична евиденција преку националниот портал за е-услуги. Како дополнителна мерка, предложи да се изготви циркуларно писмо до сите конзуларни претставништва и амбасади, со цел да бидат информирани за валидноста на електронски издадените уверенија.

*5.3. Координација и нови проектни идеи*

За следниот состанок, сите членови на Советот треба да подготват идеи и предлози за дигитални иницијативи во рамките на нивните институции. Пример за ваква иницијатива е проектната апликација предложена од Претседателот на Управниот суд, за дигитално поврзување на управното судство со јавните органи. Претседателот на Советот апелираше до членовите на Советот редовно да ги споделуваат информации и новости за активностите, со цел навремено и координирано информирање.

*5.4. Нов сервис за издавање уверение за деловна способност*

Член на Советот информираше дека е завршен развојот и тестирањето на нов дигитален сервис: Уверение дека на лицето не му е одземена деловната способност. Сервисот потребно е да биде публикуван од страна на Министерството за дигитална трансформација на Националниот портал за е-услуги со цел истиот да биде јавно

достапен и до граѓаните. Сервисот веќе успешно функционира со Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика.

Заклучок:

- Проектот за speech-to-text претставува значаен чекор кон модернизација на судските процеси и дигитализација на аудиовизуелните материјали.
- Иницијативата за промоција на електронските уверенија ќе придонесе за зголемување на јавната свест и институционалната доверба во дигиталните услуги.
- Новиот сервис за деловна способност е целосно подготвен и бара само финална публикација за да стане достапен за граѓаните.
- Советот за ИКТ треба да го зајакне институционалното координирање и навременото информирање, со цел успешна реализација на тековните и идните проекти.

***Ѓ. Шеста седница на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.05.2025 година***

**1. Активности поврзани со користење на сервисите за Кривична и Казнена евиденција од страна на Јавното обвинителство**

Јавното обвинителство останува на ставот дека најсоодветно решение е клонирање на постојните веб-сервиси за Кривична и Казнена евиденција, со цел:

* секој издаден документ да биде дигитално потпишан;

* да содржи QR код за автоматска проверка на валидноста;

* документите да добијат правна сила на доказ пред судовите.

Овој пристап бара дополнителна техничка и финансиска анализа заради предвидените трошоци и рокови за изведба.

Со цел дефинирање на имплементацијата потребно е институционална и техничка координација, предложено е Советот за ИКТ да воспостави директна комуникација со:

*Некстсенс – одговорен за тековно одржување на Платформата за интероперабилност, од каде треба да се обезбедат податоци за временска рамка на имплементација на процесот;

* Едусофт – одговорен за тековно одржување и развој на веб-сервисите, од кои треба да се обезбеди информација за техничка подготвеност и рокови за изработка.

Целта е преку двата економски оператори да се дефинираат следните чекори за практична имплементација на сервисите.

1.1. *Тестирање на сервисите на МВР од страна на Јавното обвинителство*

Во делот на интеграција со сервисите обезбедени од Министерството за внатрешни работи е постигнат значаен напредок: сите технички проблеми се надминати, тестирањето е успешно завршено, подготвено е упатство за користење кое ќе биде доставено до сите јавни обвинителства, кориснички сметки се веќе отворени, а се доделуваат и привилегии за пристап. Сервисите ќе бидат ставени во продукциска околина во најкраток временски период. Динамика на воведување на сервисите обезбедени од МВР до обвинителствата бара дополнителна координација за воспоставување пристап и користење на сервисите, поради недостаток на ИТ кадар во обвинителствата.

1.2. *Тековна состојба во судовите*

Врховниот суд, преку известување доставено по електронска пошта, потврди дека сите судови имаат назначено IIP-администратори, одговорни за креирање на кориснички сметки и доделување на привилегии за користење на веб-сервисите развиени од Министерството за внатрешни работи.

* Тестирањето на сервисите е успешно завршено, но сè уште нема целосни податоци за нивно практично користење во продукциска околина .

* Основниот кривичен суд Скопје веќе објави на својата веб-страница дека услугите се достапни

1.3. *Предизвици и потреба за дополнителен скрининг*

Идентификувана е потребата од скрининг на сите судови со цел: да се утврдат евентуални технички проблеми при трансферот на податоци, да се испита начинот на кој граѓаните го прифаќаат електронското издавање уверенија и да се следи практичната примена на услугите, особено во Основниот кривичен суд Скопје.

1.4. *Статистички податоци и податоци за тековна употреба на сервисите*

Преку апликацијата развиена од Едусофт, се следи користењето на сервисите:

* се регистрираат побарани и изгенерирани уверенија преку порталот uslugi.gov.mk и институциите (МТСП, МВР);

* просечно се обработуваат околу 30 барања дневно од страна на МВР, што е повеќе во однос на директните барања на граѓаните;

* овие податоци претставуваат основа за следење на трендовите и планирање на идни активности.

1.5. *Потреба од јавна промоција*

Советот идентификуваше недоволна јавна информираност за достапноста на дигиталните услуги.

* Предложено е поставување рекламен банер на Time.mk или слична медиумска алатка, со цел да се зголеми видливоста и употребата кај пошироката јавност.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

* Како дополнителна мерка, предложено е изработка на промотивен материјал во форма на плакат или електронски флаер, кој ќе се дистрибуира до сите судови и институции и до граѓаните во земјата и дијаспората.

1.6. *Следни активности*

Во наредниот период Советот ќе ги разгледа конкретни статистички податоци за користење на сервисите, врз основа на кои ќе се дефинираат приоритети и идни активности. Советот исто така ќе треба да определи канали за комуникација и модели на промоција кои најмногу одговараат за информирање на граѓаните.

**2.Пристап на јавните обвинителства до сервисите за Кривична и Казнена евиденција**

*2.1. Иницијатива*

Советот за ИКТ инициraше дискусија за техничката изводливост јавните обвинителства да добијат пристап до сервисите за Кривична и Казнена евиденција на сличен начин како Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Потребата произлегува од итноста на постапките, особено во предмети со мерки на притвор и други ситуации каде е неопходно навремено и ефикасно постапување, односно, наместо да се чека на процесот за клонирање на сервисите, треба да се разгледаат алтернативни решенија со побрза примена.

*2.2. Тековна состојба*

* Јавното обвинителство во моментов не располага со апликација што може директно да ги прифати податоците од овие системи.

* Постои можност со минимални технички прилагодувања податоците да се генерираат во HTML или PDF формат, преку Платформата за интероперабилност. Оваа платформа веќе овозможува пристап до сервисите на МВР и може да се искористи за потребите на обвинителствата.

*2.3. Технички аспекти*

* Привилегии: На корисниците од јавните обвинителства ќе им бидат доделени привилегии за користење на сервисите.

* Техничка реализација: Реализацијата може да ја спроведе Едусофт, но ќе бидат потребни насоки од Некстсенс во однос на точната интеграција и форматите на податоците.

* Трансакциска контрола: Потребен е развој на апликација која ќе овозможи следење на сите трансакции со цел отчетност и безбедност.

*2.4. Правни и организациски предуслови*

* За користење на сервисите ќе биде потребно потпишување на Меморандум за соработка на ЈО со Врховниот суд.

* Неопходно е прецизно дефинирање на начинот на користење на овие дигитални сервиси, со можност за идно прилагодување во зависност од реалните потреби на обвинителствата – прво HTML/PDF пристап, а потоа можност за проширување и прилагодување кон напредни функции (клонирање на сервисите).

*2.5.Промотивни активности и меѓународна информираност*

Членот на Советот посочи дека е потребно да се информираат и дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство. За таа цел, предложи комуникацијата да се реализира преку Министерството за надворешни работи, кое има капацитет и канали за формално известување на сите амбасади и конзулати.

**Заклучок:**

* Да се достави официјален допис до Министерството за надворешни работи, со кој ќе се побара:

1. МНР да ги извести сите дипломатско-конзуларни претставништва на Република Северна Македонија дека уверенијата од Кривичната и Казнената евиденција се достапни во електронска форма преку Националниот портал за е-услуги.
2. Во известувањето да се нагласи дека електронските документи имаат иста правна важност како и документите издадени на шалтер, согласно новите законски одредби.

**3. Услуга за издавање уверенија за одземена деловна способност**

Во рамки на дискусијата беше разгледан статусот на воспоставувањето на услугата за издавање уверенија за одземена деловна способност. Процесот е во тек и се реализира во координација помеѓу Основниот граѓански суд и Врховниот суд, со очекување решението да биде функционално до месец септември, иако постои можност за порано завршување.

Како клучен предизвик беше идентификуван фактот дека различните судови користат различни теркови за уверенија, како и различни обрасци за поднесување на барања. Ова доведува до неусогласеност во постапките и ја наметнува потребата од унифициран пристап.

Во дискусијата беше нагласено дека Врховниот суд може да ја координира постапката и да иницира изработка на унифициран терк кој ќе се применува во сите судови на национално ниво. Дополнително беше истакнато дека во постојниот Судски деловник не е предвиден конкретен образец за уверението за одземена деловна способност, што го отвора прашањето за формализирање на ваков образец преку Работното тело за стандардизација.

Исто така, беше предложено Министерството за правда да биде информирано за процесот, со цел при наредните измени на Судскиот деловник да се разгледа можноста унифицираниот терк да биде формално вграден во деловник.

## 4.Статус на ИТ кадарот во судовите и јавните обвинителства

Во рамки на дискусијата беше отворено прашањето за статусот на ИТ кадарот во судовите, јавните обвинителства, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како последица од измените на Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба.

Беше предложено до Министерството за правда да се испрати официјален допис со барање за информации во однос на статусот, платите и идните планови за овој профил на кадар. Советот моментално не располага со податоци дали во рамки на стратегиите или законските измени се предвидени активности за регулирање на ова прашање, ниту дали постојат мерки за негово системско решавање.

Дополнително беше нагласено дека е потребна координација со работните групи кои работат на подготовка на новите закони, за да се утврди дали статусот на ИТ кадарот е вклучен во предложените решенија, како и дали постои простор за дополнителни дискусии или измени. Разгледана беше и можноста дописот да биде адресиран не само до Министерството за правда, туку и до Владата на Република Северна Македонија.

Во рамките на дискусијата беше посочено дека недостигот и одливот на ИТ кадар претставуваат сериозен ризик за имплементацијата и одржливоста на дигиталните решенија. Дигитализацијата во правосудниот систем не може да даде очекувани резултати доколку нема стручен и стабилен кадар кој ќе биде одговорен за одржување и правилно користење на информациските системи.

## 5. Разно

На барање на Кабинетот на Министерството за правда претставници од Советот за ИКТ да учествувале на настан посветен на дигитализацијата во правосудството. Во врска со судството, презентацијата ќе биде заснована врз Извештајот за работа на Советот за 2024 година, како и на два значајни проекти реализирани во текот на изминатата година: набавката на хардвер за судовите и проектот „Фемида". Дополнително ќе бидат прикажани и резултатите од напредокот во развојот на дигиталните сервиси, со можност за вклучување на идеи и предлози од останатите членови на Советот. Во делот за јавното обвинителство, презентацијата ќе се базира на активностите опфатени во Извештајот за работа на Советот за 2024 година, на тековните активности, како и на компонентите на ИПА 3 проектот.

Беше информирано дека е усвоен нов Закон за безбедност на мрежни и информациски системи, кој предвидува промени во делот на критичната инфраструктура. Се очекува судовите и јавните обвинителства да бидат вклучени во оваа категорија, поради што ќе се јави потреба за специјализирани обуки на ИТ кадарот, особено во областа на сајбер-безбедност. Истовремено, во тек е подготовка на нов Закон за сајбер криминал, што дополнително ја нагласува важноста од овие обуки. Предложено е потребните обуки да се реализираат преку Академијата за судии и јавни обвинители, преку Проектот за владеење на правото во Република Северна Македонија кои би можеле да бидат насочени токму кон темите за сајбер-безбедност и заштита на критичната инфраструктура.

## *Е. Седма седница на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 26.06.2025 година*

### 1. Информација во врска со ИПА 3 проектот и државното кофинансирање

Во рамки на дискусијата беше презентиран напредокот на ИПА 3 проектот, со акцент на јавните набавки поврзани со софтверски решенија и хардвер за институциите од правосудството и органите за борба против корупција.

Набавката е поделена на пет сегменти, од кои четири се насочени кон развој на софтверски системи и тоа во Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупција, Државно правобранителство и АКСТАТС системот, додека петтата компонента има хоризонтален карактер и се однесува на организација на ИТ одделенијата, анализа на потреби и воведување стандарди за безбедност. Во делот на безбедноста е предвидена целосна имплементација на ISO 27001 за одредени институции, со можност за сертификација, како и воведување на најдобри практики врз основа на истиот стандард во други органи.

Покрај тоа, во тек е подготовка на втората јавна набавка за хардвер, која предвидува обезбедување на критична опрема за неколку правосудни институции и хардверско-софтверска поддршка за Уставниот суд. Техничката документација е веќе доставена, а објавата на тендерот се очекува во наредните денови. Оваа постапка ќе се реализира во една фаза, со отворање на понудите во почетокот на септември.

Во однос на финансиската конструкција, беше нагласено дека набавките се целосно финансирани од страна на Делегацијата на Европската Унија и не зависат од државното кофинансирање. Сепак, беше посочено дека дел од дополнителните активности – како интеграција со постојните апликации во други институции – може да останат непокриени доколку не се обезбедат дополнителни средства од националниот буџет. Иако поврзувањето меѓу главните институции е обезбедено, интеграцијата со сите останати зависи од финансиската поддршка за технички прилагодувања во нивните системи.

Системите ќе бидат дизајнирани со можност за идно поврзување преку стандардизирани API интерфејси, што ќе овозможи безбедна размена на податоци во согласност со воспоставени договори помеѓу институциите.

### 2. Информација во врска со користење на веб сервисите за Кривична и Казнена евиденција од страна на Јавното обвинителство и Меморандум за соработка

Во рамките на дискусијата беше разгледана потребата за обезбедување пристап на Јавното обвинителство до податоците од Кривичната и Казнената евиденција преку Платформата за интероперабилност. Овој модел би овозможил сличен начин на користење како оној што веќе е воспоставен за Министерството за внатрешни работи, со цел овозможување на навремено и ефикасно постапување во одредени фази од кривичната постапка.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

Посочено беше дека иако пристапот може да се овозможи, за неговата техничка реализација се потребни дополнителни средства, бидејќи договорот за одржување со надворешниот изведувач веќе е целосно искористен во делот на адаптивни часови. Поради тоа се отвори прашањето за обезбедување нови буџетски средства преку Судскиот буџетски совет, како и потребата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Врховниот суд и Јавното обвинителство.

Разгледана беше и техничката изводливост за користење на документите во XML формат, со предлог првично да се тестира пример-документ со цел да се оцени неговата употребливост. Заклучено беше дека за практична примена ќе биде потребно развивање дополнителна апликација која би овозможила конверзија на податоците во читлив формат (HTML или PDF).

Во дискусијата беше нагласено дека за вакви клучни активности не треба да се чека нов долгорочен договор, туку доколку е потребно да се побараат итни средства од Судскиот буџетски совет, како што тоа било правено и во претходни случаи на итни интервенции. Ова беше потенцирано како неопходно со оглед на тоа што системите за дигитализација на среден рок нема да бидат целосно функционални и ќе бидат потребни привремени решенија за меѓуинституционално поврзување.

Во продолжение беше предложено Советот за ИКТ да размислува стратешки за своето понатамошно делување преку дефинирање на јасни правила за работа: техничките прашања да се обработуваат од ИТ-членовите, додека институционалните и стратешките импликации да бидат разгледувани од останатите членови.

Исто така, предложено е изработка на системска анализа на состојбата во правосудството, со цел подобро разбирање на тековните предизвици и насоки за идни решенија.

Во однос на кадровските прашања, најавени се обуки во Академијата за судии и јавни обвинители во текот на месец септември, насочени кон ИТ кадарот и правосудните службеници. За таа цел ќе се упати официјален допис со цел добивање на детални информации за содржината и организацијата на обуките. Дополнително беше предложено да се вклучат и теми за сајбер безбедност, имајќи предвид дека оваа област добива на значење во контекст на новиот Закон за безбедност на мрежни и информациски системи и подготовките за Закон за сајбер криминал.

Беше потенцирано дека обуките треба да бидат организирани по принцип на обучувачи (training of trainers), при што ИТ кадарот во институциите ќе ја преземе улогата на носител на знаењето и ќе ја пренесува експертизата на останатите вработени. Овој пристап беше оценет како основа за системска и институционална организација на интерните обуки, со акцент на сајбер безбедноста како примарен приоритет.

**3. Електронска поврзаност на АРО канцеларијата со националните институции за борба против финансиски криминал и можности за јавно-приватна соработка**

Во рамките на расправата беше отворено прашањето за воспоставување електронска поврзаност на АРО канцеларијата со сите релевантни институции задолжени за спречување финансиски криминал и перење пари. Овој процес подразбира интеграција со постојните системи на Јавното обвинителство, Врховниот суд, Управата за финансиска полиција, како и воспоставување механизми за координација со приватниот сектор, пред сè со банките и други финансиски институции.

Посочено беше дека ваквата поврзаност е клучна за навремена размена на информации и зајакнување на меѓуинституционалната соработка, особено во случаи кога е потребна брза идентификација и замрзнување на сомнителни трансакции. Дополнително, разгледана беше можноста за јавно-приватно партнерство, кое би овозможило поголема инклузивност на финансискиот сектор во системот за борба против финансиски криминал.

Заклучено беше дека на наредниот состанок ќе се достави информација за статусот на процесот на поврзување, со осврт на техничките предуслови, институционалните договори и можните модели на соработка со приватниот сектор.

**4. Разно**

Во рамките на оваа точка беше разгледано прашањето за унифицирање на формата на уверенијата од Казнената и Кривичната евиденција. Се истакна потребата овие документи да бидат достапни во идентичен унифициран формат, во електронска верзија, со цел да се овозможи нивна употреба и признавање од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија. Овој пристап би им овозможил на граѓаните кои престојуваат во странство поефикасен пристап до документите во електронска форма.

Во продолжение беше дискутирано за напредокот на јавната набавка за развој на софтверско решение за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи и Вишиот управен суд. Посочено беше дека техничкиот дијалог е завршен и финалната документација е подготвена, со очекување тендерот да биде објавен во текот на наредната недела. Дополнително е планирано склучување на меморандуми за соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Двете институции ќе бидат вклучени како пилот-корисници во рамките на едномесечен тест-период (15 септември – 15 октомври).

Советот, исто така, разгледа документ за проценка на трошоци поврзани со имплементација на мерките и активностите предвидени во Секторската развојна стратегија за правосудство 2024–2028. Посочено беше дека е неопходно ИТ членовите на ИКТ Советот да доставаат свои забелешки и мислења за секоја од наведените точки, со цел истите да бидат интегрирани во дискусијата на следната седница.

Како дополнителна информација беше истакнато дека во Врховниот суд веќе се одржал состанок на кој бил разгледан документот за Стратегијата. Главен заклучок од тој состанок беше дека претходните стратегии за дигитализација не дале очекувани резултати, пред сѐ поради недоволно прецизно дефинирани финансиски проценки. Поради тоа, одредени точки беа оставени за дополнителна анализа и разгледување од страна на ИКТ Советот.

Претседател на Советот за ИКТ
**Владимир Милошески**
____________________

Членови:
- Мирјана Башеска Јонеска ____________
- Бурим Сејдини ____________
- Иван Цолев ____________
- Шпенд Деваја ____________
- Никола Ристовски ____________
- Анита Тополова Исајлоска ____________
- Ирена Димовска ____________
- Јулијана Георгиевска ____________
- Наташа Однакозова Жабокова ____________
- Катерина Мишковска ____________
- Јелена Догазанска Колева ____________
- Јосиф Стоилов ____________

Прилог:
- Записници од одржаните седници на Советот за ИКТ


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification